PRESS RELEASE

PR20/150

# Извршниот одбор на ММФ одобри финансиска поддршка од 176,53 милиони евра за Република Северна Македонија

## ЗА ОБЈАВА ВЕДНАШ

- *ММФ одобри исплата на 176,53 милиони евра итна финансиска помош за Северна Македонија како помош во справувањето со пандемијата предизвикана од COVID-19.*
- *Појавата на COVID-19 предизвика голем удар врз економијата на Северна Македонија. Властите брзо одговорија со насочена и привремена поддршка на фискалната политика за да се ограничи социјалното и економското влијание од здравствената итна состојба.*

**Вашингтон – 10.04.2020 година -** Извршниот одбор на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) денес одобри исплата на 140,3 милиони SDR, (околу 176,53 милиони евра, 191,83 милиони американски долари, 100 проценти од квотата) на Република Северна Македонија во рамките на Инструментот за брзо финансирање (Rapid Financing Instrument (RFI)). Оваа финансиска поддршка ќе помогне во финансирањето на мерките за здравствена и макроекономска стабилизација, обезбедување на итните потреби на платниот биланс што произлегуваат од пандемијата предизвикана од COVID-19 и забрзување на поддршката од меѓународната заедница.

RFI овозможува брза финансиска помош на земјите-членки кои се соочуваат со потреба од итно обезбедување на потребите на платниот биланс, без потреба од целосна економска програма или оценувања. Финансиската помош преку RFI се обезбедува во форма на директни исплати.

По дискусијата на Извршниот одбор во однос на Република Северна Македонија, г-дин Тао Џанг, заменик извршен директор и вршител на должноста претседател на одборот, ја даде следнава изјава:

,,Економските изгледи на Северна Македонија значително се влошија како резултат на пандемијата на COVID-19. Се очекува реалниот БДП да се намали за 4 проценти во 2020 година, како резултат на падот на домашната и надворешната побарувачка. Ова, заедно со негативните шокови врз довербата и прелевањата од глобалните финансиски текови, создаде потреба од итно обезбедување на потребите на платниот биланс.

Властите брзо одговорија со насочена и привремена фискална поддршка за да го ограничат социјалното и економското влијание од здравствената итна состојба

преку заштита на ликвидноста на компаниите, зачувување на работните места и обезбедување социјална грижа за невработените и ранливите категории на домаќинства. Во меѓувреме, Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) ја намали својата основна каматна стапка и спроведе регулаторни измени за да ги охрабри банките да ги реструктуираат долговите на висококвалитетните должници кои се погодени од пандемијата. Владата и НБРСМ остануваат силно посветени на зачувување на монетарната, надворешната и финансиската стабилност и се подготвени да ги преземат сите дополнителни мерки што би биле потребни.

Властите исто така изразија силна посветеност, откако ќе заврши кризата предизвикана од COVID-19, за обновување на фискалните бафери и спроведување на агендата за структурни реформи за да помогнат во зачувувањето на одржливоста на долгот и забрзување на конвергенцијата кон развиените економии на земјите од Европската Унија.

Меѓународниот монетарен фонд е подготвен да ѝ помогне на Северна Македонија во борбата со пандемијата и во процесот на закрепнување на економијата.“

700 19th Street NW
Washington, DC 20431
USA